*Република Северна Македонија*

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
Бр.-Nr. 02-213/1/1
30.0.. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**УПАТСТВО**
**ЗА ЗАШТИТА И ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР**

Скопје, 2023 година

Врз основа на член 50 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр.58/00, 82/08, 44/02, 167/10 и 51/11) и (Службен весник на Р.С.Македонија .бр. 96/19 и 110/19) директорот на Управата за заштита на културното наследство донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ЗАШТИТА И ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

## I. Општи одредби

Со ова Упатство се уредува превентивното делување за заштита од појава на пожар и начинот на постапување во случај на појава на пожар во објектите на Управата за заштита на културното наследство (објект на ул. Павел Шатев бр. 3 и објект на ул. Самоилова 66 - Одделение за дигитализација на културното наследство).

За доследна примена на ова Упатство надлежен е помошник директорот на Секторот за административни и технички работи (во натамошниот текст: Сектор за АТР) и раководството на Одделението за обезбедување и противпожарна заштита (во натамошниот текст: ОПЗ).

## II. Надлежности, обука и оспособување за справување со појава на пожар

Со системот за противпожарна заштита и со акциите во случај на појава на пожар раководат лица назначени од Директорот.

На сите врати во Управата за заштита на културнито наследство како и двата хола, поставени се информативни табли со накои се означени ПП апаратите како и насоката на движење на вработените во случај на пожар. Истото е направено и во објектот каде што е одделението за дигитализација на културното наследство

Работи на противпожарна заштита вршат вработените и работниците за обезбедување, во Управата за заштита на културното наследство.

Назначените лица и треба да ги поседуваат сите потребни документи (цертификати, уверенија и сл.) за вршење работи на противпожарна заштита.

## III. Опрема и средства за гаснење на пожари

Основната опрема за гасење пожар ја сочинуваат:

- противпожарни апарати (ПП апарати);
- хидрантски црева и млазници.

Пред употребата на ПП апаратите, корисниците се должни внимателно да го прочитаат упатството за нивна употреба кое се наоѓа на секој апарат и да ракуваат со ПП апаратите строго согласно истото.

Сите ПП апарати и системи за дојава на пожар, треба периодично да се прегледуваат и сервисираат од овластени организации, како би биле исправни и употребливи во секое време.

## IV. Превентивно делување

Вработените во Управата се должни да внимаваат и да не користат отворен оган, или грејни тела со отворени грејачи (незаштитени со решетка) во работните простории на Управата.

Пушењето во работните простории на Управа е забрането.

Пред заминување од работното место, особено за викенди, празници и други неработни денови, секој вработен е должен да провери дали се искучени сите електрични уреди и апарати, кои можат да предизвикаат опасност од пожар.

Ако дојде до прегревање на електричната инсталација или електричен контакт и се осети мирис на изгорен изолатор или се забележи чад, сите вработени во просториите треба веднаш да ги исклучат од доводот на електрична енергија сите приклучени електрични апарати и компјутерската опрема и веднаш го известуваат веднаш да го известат обезбедувањето на Управата.

Вон работното време, работниците за обезбедување се должни да вршат редовен надзор со цел навремено откривање и спречување појава на пожар.

## V. Откривање на пожар и алармирање

Во рамките на основните мерки за противпожарна заштита, особено внимание треба да се посвети на раното откривање и алармирање во случај на пожар:

- сигнализација за дојава на пожар,
- опрема за алармирање за настанатиот пожар

Вработените во Управата и работниците за обезбедување се должни известувањето за појава на пожар да го спроведат по следниот редослед:

- во работно време, прво се алармираат сите вработени во близина на местото на појавата на пожарот,
- се известува одговорното лице на местото за настанатиот пожар,

- се известува дежурната противпожарна бригада,
- се известува Директорот.

Вработените во Управата, но пред сè работниците за обезбедување, се должни да организираат ослободување на пристапите кон објектот и по пристигнувањето на противпожарните возила истите да ги упатат како најбрзо да стигнат до местото на пожарот.

## VI. Гаснење на пожар

При забележување н а појава на пожар, секој вработен во Управата е должен да се обиде сам да го изгасне пожарот во почетна фаза, користејќи ги расположивите средства за гаснење на пожар (ПП апарати), согласно упатството за ракување кое се наоѓа на самиот ПП апарат, притоа водејќи сметка тоа да го стори без да предизвика опасност по себе или другите вработени.

Доколку работникот кој го забележал пожарот не може сам да ја одстрани опасноста, должен е веднаш да го извести обезбедувањето и Директорот, за настанатата опасност.

Обезбедувањето ги алармира и организира останатите вработени да се обидат да го изгаснат пожарот, притоа водејќи сметка да не се загрози безбедноста на вработените.

Доколу се работи за опасност од пожар од поголеми размери, со цел спречување на настанување на поголеми штети и опасност по вработените, обезбедувањето има должност и должност да ги преземе и следните мерки:

- да се јави на телефонскиот број 112 или 193 и да побара интервенција од дежурната против пожарна бригада,
- да ги предупреди вработените и нареди напуштање на работните простории, како и да преземе мерки за отстранување на материјали кои би можеле да придонесат за ширењето на пожарот,
- да се јави на телефонскиот број 112 или 192 и да побара интервенција на дежурна полициска единица, заради спречување на пристап на неповикани лица, ограничување на сообраќајот во непосредната околина, како и заради зачувување на трагите кои би укажале на причините за настанување на пожарот,
- во случај на потреба да се јави на телефонскиот број 112 или 194 и да побара интервенција на медицинска екипа на итна помош,
- да нареди прекинување на доводот на електрична енергија во објектот, заради спречување на проширување и одржување на пожарот,
- присилно да отвори заклучен просторија заради поуспешна интервенција во гаснењето на пожарот или спречување на неговото проширување,

- да нареди користење на извори и средства за гасење на пожарот од соседни објекти, хидранти, ПП апарати, песок,
- да нареди превентивни мерки за спречување на проширување на пожарот на соседни објекти - сечење на дрва, одстранување на енергетски и комуникациски инсталации кои го поврзуваат објектот, полевање со вода на објекти од дрвен материјал.

Доколку вработениот кој го забележал пожарот или опасноста не може да оствари контакт со обезбедувањето, должен е да ја реализира горенаведената процедура.

## VII. Завршни одредби

Непостапувањето по ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност.

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото потпишување. Истиот се објавува на огласна табла и на WEB страната на Управата.

в.д. Директор,
м-р Зоран Павлов

Доставено до:
в.д. Директор
- Одд. за финансиски прашања
- огласна табла
- архива
- Одд. за документација
- Одд. за управување со човечки ресурси